| 464910 | Плаќање по судски решенија | 520.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 520.000 |
| 464940 | Трансфери при пензионирање | 104.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 104.000 |
| 464990 | Други трансфери | 4.478.240 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.478.240 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **416.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **416.000** |
| **471** | **Социјални надоместоци** | **416.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **416.000** |
| 471160 | Еднократна парична помош и помош во натура | 416.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 416.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **28.718.873** | **0** | **52.000** | **0** | **0** | **28.770.873** |
| **480** | **Купување на опрема и машини** | **468.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **468.000** |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 312.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 312.000 |
| 480160 | Купување на опрема за греење и климатизација | 72.800 | 0 | 0 | 0 | 0 | 72.800 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 83.200 | 0 | 0 | 0 | 0 | 83.200 |
| **481** | **Градежни објекти** | **104.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **104.000** |
| 481230 | Реконструкција на деловни објекти | 104.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 104.000 |
| **482** | **Други градежни објекти** | **27.065.273** | **0** | **0** | **0** | **0** | **27.065.273** |
| 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати | 3.338.400 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.338.400 |
| 482130 | Реконструкција на улици, патишта и автопати | 22.010.873 | 0 | 0 | 0 | 0 | 22.010.873 |
| 482910 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти | 936.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 936.000 |
| 482920 | Изградба на други објекти | 260.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 260.000 |
| 482940 | Надзор над изградбата | 520.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 520.000 |
| **483** | **Купување на мебел** | **83.200** | **0** | **52.000** | **0** | **0** | **135.200** |
| 483110 | Купување на канцелариски мебел | 83.200 | 0 | 0 | 0 | 0 | 83.200 |
| 483120 | Купување на училишен мебел | 0 | 0 | 52.000 | 0 | 0 | 52.000 |
| **485** | **Вложувања и нефинансиски средства** | **166.400** | **0** | **0** | **0** | **0** | **166.400** |
| 485230 | Компјутерстки софтвер | 124.800 | 0 | 0 | 0 | 0 | 124.800 |
| 485420 | Надомест за одземен имот | 41.600 | 0 | 0 | 0 | 0 | 41.600 |
| **486** | **Купување на возила** | **832.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **832.000** |
| 486110 | Купување на моторни возила | 832.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 832.000 |
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | **702.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **702.000** |
| **493** | **Отплата на главнина до други нивоа на власт** | **702.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **702.000** |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ - 2018

## Ниво на: Потставка

| Категорија / Ставка / Потставка | ОПИС | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **83.526.608** | **7.107.360** | **59.252.960** | **0** | **0** | **149.886.928** |
| 493110 | Отплата на главнината на краткорочни позајмувања од централниот буџет | 702.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 702.000 |

Бр. 08 – 1864/3
25.12.2015 година
Чашка

СОВЕТ НА
ОПШТИНА ЧАШКА
Председател
Рамадан Амзов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од законот за локална самоуправа (”Службен весник на РМ” бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Чашка донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Чашка за 2016 година**

Се објавува, Одлука за извршување на Буџетот на Општина Чашка за 2016 година, што Советот на Општина Чашка го усвои на седницата на 25.12.2015.

Бр. 09- 1958/2
31.12.2015 година
Чашка

ОПШТИНА ЧАШКА
ГРАДОНАЧАЛНИК
м-р. Горанчо Пановски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр. (61/04, 96/04 , 67/07, 103/08, 156/09, 95/10, 47/11) и член 24, став 3, од Статутот на Општина Чашка (“Службен гласник на Општината Чашка” бр. 2/2006), Советот на Општина Чашка на седницата одржана на 25.12.2015 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за извршување на Буџетот на Општина Чашка за 2016 година**

**член 1**

Буџетот на Општина Чашка за 2016 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука и начелата на сеопфатност, специфичност, економичност, ефикасност, ефективност, транспаретност и сигурно финансиско управување.

**член 2**

Буџетот на Општината се состои од: Основен буџет; Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации; Буџет на дотации.

**член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на годината градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на Општината на предлог на градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

**член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од советот на општината, но истите со прераспределбата не можат да бидат намалени повеќе од 20%.

По исклучок буџетскиот корисник не може да врши пренамени/прераспределби на буџетот со кој се зголемува буџетот одобрен за плати во рамките на буџетот повеќе од 10%.

**член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до советот на општината на одобрување.

**член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за

користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

Основица за пресметување,на платата на Градоначалникот на Општината се утврдува согласно Законот за изменување и дополнување на законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија (Службен весник на РМ бр. 97/2010,11/2012 и 145/2012 и тоа според законски утврдениот коефициент за утврдување на платата на градоначалникот кој изнесува 2,7.

-на вработените по Закон за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно “ Правилникот за плати,надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Чашка “ ,

Месечниот надоместок за присуство на седници на Советот се утврдува во висина од 40% од просечната месечна плата во републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Советот на општина Чашка за раководење и организирање на работата на Советот, месечниот надоместок од член 9 став 4 се зголемува за 30%.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**член 10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2016 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министарства.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

Средствата ќе се планираат на наменската сметка – дотации(930), а ќе се извршуваат преку сметката – дотации на локалните јавни установи(903).

Локалните јавни установи финансирани со блок дотациите од општинскиот Буџет се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да доставaт барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (ПДД-МП и МП –1, копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата.

Во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од општинскиот Буџет се должни да доставaт известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М –1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од општинскиот Буџет ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

**член 11**

На вработените во локалните јавни установи , како и вработените во општината кои работните задачи ги извршуваат надвор од местото на живеење,односно во дел од населените места на Општина Чашка им се признава трошок за превоз до и од работа во висина на реалните трошоци и истите ќе се исплаќаат од средствата на блок дотацијата од програма Н1-основно образование и расходно конто 421440-Траспорт на луѓе односно од програма Е0 -општинска администрација и расходно конто 421440-Траспорт на луѓе

**член 12**

Надоместокот за регрес за годишен одмор за 2016 година ќе се исплати во висина од 60% од просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата

**член 13**

Надоместоците за патни и дневни трошоци за службени патувања во странство на вработените во администрацијата на општина Чашка им се исплатуваат според правата утврдени за државните службеници на централната власт.

На членовите на советот им се исплатуваат надоместоци за патни трошоци со одлука донесена од Совет

**член 14**

Исплатата на надоместоците на трошоците поврзани со работата на вработените во локалните јавни установи и општинската администрација (боледување подолго од 6 месеца, потешки последици од

елементарни непогоди, смрт на вработен или член на неговото семејството) ќе се извршува од Буџетот на Општина Чашка за 2016година од Програма D0 Градоначалник-конто 413110 тековни резерви, (разновидни расходи) и отпремнина при заминување во пензија ќе се извршува од Буџетот на Општина Чашка за 2016 година од Програма D0 Градоначалник-конто 464940 Трансфери при пензионирање,а врз основа на предходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на градоначалникот.

Висината, основицата и рокот за пресметување и исплата на надоместокот на овие трошоци се утврдува согласно постојните законски и подзаконски акти и колективнен договор.

**член 15**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен.

**член 16**

Користењето на средствата од Буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6000 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**член 17**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината а ги извршува Градоначалникот. За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

**член 18**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

**член 19**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на Општината. За обезбедените средства градоначалникот на Општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Агенцијата за државни службеници на актот за систематизација.

Буџетските корисници –општината можат да вработуваат работници на определено работно време и да склучуваат договори за отстапување на работник на привремени вработувања само под услов, ако за тоа се обезбедени финансиски средства во Буџетот на Општината,односно во финансиските планови за тековната фискална година.

**член 20**

Се овластува Одделението за финансиски прашања да ги примени Одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата за 2016 година.

**член 21**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**член 22**

Буџетот на Општина Чашка се извршува од 01.01.2016 до 31.12.2016 година.

**член 23**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во Службен гласник на Општина Чашка

Бр. 08 – 1864/4
25.12.2015 година
Чашка

СОВЕТ НА
ОПШТИНА ЧАШКА
Председател
Рамадан Амзов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од законот за локална самоуправа (”Службен весник на РМ” бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Чашка донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2016 година**

Се објавува, Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2016 година, што Советот на Општина Чашка ја усвои на седницата на 25.12.2015.

Бр. 09- 1958/3
31.12.2015 година
Чашка

ОПШТИНА ЧАШКА
ГРАДОНАЧАЛНИК
м-р. Горанчо Пановски с.р

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15), Советот на општина Чашка, на седницата одржана на 25.12.2015 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2016 година**

**член 1**

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2016 година изнесува 76,8 денари.

**член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Чашка“, а ќе се применува со исплата на платата од јануари 2016 година.

Бр. 08 – 1864/5
25.12.2015 година
Чашка

СОВЕТ НА
ОПШТИНА ЧАШКА
Председател
Рамадан Амзов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од законот за локална самоуправа (”Службен весник на РМ” бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Чашка донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на оперативен план за зимско оддржување на локалните патишта,улиците и другите инфраструктурни објекти во случај на непроодност поради врнежи од снег,наноси од снег и голомразица за 2016 година**

Се објавува, Оперативен план за зимско оддржување на локалните патишта, улиците и другите инфраструктурни објекти во случај на непроодност поради врнежи од снег, наноси од снег и голомразица за 2016 година, што советот на Општина Чашка го усвои на ден 25.12.2015 година.

Бр. 09- 1958/11
31.12.2015 година
Чашка

ОПШТИНА ЧАШКА
ГРАДОНАЧАЛНИК
м-р. Горанчо Пановски с.р

**ОПЕРАТИВЕН ПЛАН**
**за зимско одржување на локални патишта, улиците и другите инфраструктурни објекти во случај на непроодност поради врнежи од снег, наноси од снег и голомразица за 2016 година**

**I.Нормативна регулатива**

Основа за изработка на Оперативниот план за оддржување на локалните патишта, улиците и другите инфраструктурни во случај на непроодност поради врнежи на снег, наноси од снег и голомразица на Општина Чашка се членовите 4, 7, 10, 11, 13, 14, 34 и 51 од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр.36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11 и 41/14), Правилникот за содржината, начинот на ракување и употреба на планот за заштита и спасување и Методологијата за содржините и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштита и спасување (чл. 52 од Законот за заштита и спасување).

Согласно чл.56 и 60 од Законот за јавни патишта (Сл. весник на РМ.бр. 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15 и 150/15 ), а врз основа на чл.15 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на РМ„ 54/2007, 86/2008, 98/2008, 64/2009, 161/2009, 36/11, 51/11, 114/12 и 27/14), чл.22 ст.1 т.10 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.05/02) и чл.14 ст.1 т.10 од Статутот на Општина Чашка, Советот на Општина Чашка донесе Оперативен план за чистење на локалните патишта, улиците и другите инфраструктурни објекти во случај на непроодност поради врнежи од снег, наноси од снег и голомразица.

**II.Содржина, начин на ракување и употреба на планот**

- **Општи Карактеристики**

Содржина на планот:

1. Проценување – анализа на опасноста – загрозеноста од снег, наноси од снег и голомразица.

1.1.1. Општина Чашка се наоѓа во централниот дел на Република Македонија. Соседни општини со кои се граничи се: од исток Велес и Градско, од север Зелениково и Студеничани, од запад Македонски Брод и Долнени и на јужниот дел Прилеп и Кавадарци. Седиштето на општината се наоѓа на надморска висина од 275 м. Таа е една од поголемите општини во Република Македонија.

1.1.2. Во Општина Чашка постојат 42 населени места со вкупно 7673 жители.

Населба Чашка -1450 жители, село Чашка 21, Бањица 55, Бусилци 10, Војница 32, Голозинци 43, Горно Врановци 199, Еловец 46, Крајници 16, Крива Круша 2, Лисиче 159, Мелница 743, Ново Село 6, Отиштино 59, Раковец 29, Дреново 35, Горно Јаболчиште 1741, Долно Јаболчиште 718, Бистрица 124, Богомила 476, Габровник 9, Мокрени 16, Нежилово 63, Ораов Дол 41, Ореше 218, Папрадиште 7, Плевење 2, Согле 137, Теово 189, Црешнево 8, Владиловци 77, Долно Врановци 51, Извор 480, Крнино 3, Мартолци 180, Оморани 143, Смиловци 20 и Стари Град 95 жители.

1.1.3. Општина Чашка зафаќа површина од 720 км$^2$ и се вбројува во една од поголемите општини во Република Македонија. Истата е рурална општина со добра географска положба. Ги поседува пределите на дел од планината Јакупица, Даутица и бабуна од запад, Клепа од исток, Караџица и голешница од северо-запад. Високите планини во поголемиот дел од годината се покриени со снег, па од тука и на повисоките населени планински села со појавата на првите снежни наноси постои можност од нивно завејување, непроодност на патиштата кои водат до нив, појава на лавини и сл.

Како нај критични точки односно локални патишта каде треба будно да се следи состојбата во периодот Декември-Март се следните:

1. Богомила-Ореше
2. Богомила-Нежилово
3. Габровник
4. Мокрени
5. Ораовдол
6. Богомила-Бистрица
7. Богомила-Папрадиште
8. Дреново-Горно Јаболчиште

- **Патна мрежа**

Вкупната должина на патната мрежа во Општина Чашка изнесува 62 км регионален пат чие оддржување е во надлежност на Јавното претпријатие за оддржување на патишта Македонија Пат-Скопје, Подружница Велес и локалната патна мрежа во должина од 124,9 км од кои 63,9 км асфалтен пат, 2 км тампониран пат, 44,8 км земјен пат и 14,2 непробиен пат. За оддржување на оваа патна мрежа Советот на Општина Чашка донесува Годишна програма за зимско оддржување на јавните патишта и улици.

Вкупната патна мрежа по населени места, вкупна должина и видови на коловози е следната:

| Р.б р. | Локален пат | Вкупна должина (км) | Ширина на | | Вид на коловоз | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Планум (м) | Коловоз (м) | Непробиен (км) | Земјен (км) | Тампониран (км) | Асфалт (км) |
| 1 | Р-515-с. Чашка | 1,60 | 3,00 | 3,00 | - | 1,60 | - | - |
| 2 | Р-515-Бањица | 4,00 | 5,00 | 4,00 | - | - | - | 4,00 |
| 3 | Р-526-Бусилци | 1,20 | 3,00 | 3,00 | - | 1,20 | - | - |
| 4 | Р-526-Војница | 7,10 | 4,00 | 3,00 | - | 4,00 | - | 3,10 |
| 5 | Р-515-Голозинци | 0,50 | 3,00 | 3,00 | - | 0,50 | - | - |
| 6 | Р-515-Г. Врановци | 4,90 | 5,00 | 3,00 | - | - | - | 4,90 |
| 7 | Р-515-Еловец | 0,60 | 5,00 | 3,00 | - | - | - | 0,60 |
| 8 | Бојница-Крајници | 5,00 | 3,00 | 2,00 | - | 5,00 | - | - |
| 9 | Р-515-Кр. Круша | 9,00 | 3,00 | 2,00 | 1,20 | 7,00 | 2,00 | - |
| 10 | Р-526-Мелница | 4,40 | 5,00 | 3,00 | - | - | - | 4,40 |
| 11 | Р-515-Ново Село | 3,20 | 3,00 | 2,00 | 1,00 | 3,20 | - | - |
| 12 | Р-515-Отиштино | 3,00 | 5,00 | 4,00 | - | - | | 3,00 |
| 13 | Р-515-Раковец | 2,00 | 3,00 | 2,00 | 1,00 | 1,00 | - | - |
| 14 | Д.-Г. Јаболчиш. | 3,00 | 4,00 | 3,00 | - | - | - | 3,00 |
| 15 | Дреново-Д. Јабол. | 6,00 | 4,00 | 3,00 | - | - | - | 6,00 |
| 16 | Р-514-Бистрица | 3,00 | 4,00 | 3,00 | - | - | - | 3,00 |
| 17 | Р-514-Габровник | 5,60 | 3,00 | 2,00 | - | 5,60 | - | - |
| 18 | Богомила капиново | 3,50 | 3,00 | 2,00 | - | 3,50 | - | - |
| 19 | Р-514-Мокрени | 9,00 | 3,00 | 2,00 | - | - | - | 9,00 |
| 20 | Богомила-Нежилово | 7,90 | 5,00 | 4,00 | - | - | - | 7,90 |
| 21 | Р-514-Ораов Дол | 1,90 | 3,00 | 2,00 | - | 1,90 | - | - |
| 22 | Богомила Ореше | 3,00 | 3,00 | 3,00 | - | - | - | 3,00 |
| 23 | Богомила-Папрад. | 3,20 | 3,00 | 3,00 | - | - | - | 3,20 |
| 24 | Р-514-Плевење | 3,80 | 3,00 | 2,00 | 3,80 | - | - | - |
| 25 | Р-514-Црешнево | 3,30 | 3,00 | 2,00 | - | 3,30 | - | - |
| 26 | Р-526-Владилов. | 2,50 | 4,00 | 4,00 | - | - | - | 2,50 |
| 27 | Р-526-Д. Врановци | 3,00 | 3,00 | 2,00 | 3,00 | - | - | - |
| 28 | Р-526-Крнино | 4,20 | 3,00 | 2,00 | 4,20 | - | - | - |
| 29 | Р-514-Мартолци | 1,50 | 3,00 | 3,00 | - | - | - | 1,50 |
| 30 | Р-514-Оморани | 1,20 | 4,00 | 3,00 | - | - | - | 1,20 |
| 31 | Р-526-Поменово | 1,50 | 3,00 | 2,00 | - | 1,50 | - | - |
| 32 | Владиловци-Попадија | 2,20 | 3,00 | 2,00 | - | 2,20 | - | - |
| 33 | Р-526-Смиловци | 2,50 | 3,00 | 2,00 | - | 2,50 | - | - |
| 34 | Р-526-Стари Град | 2,80 | 4,00 | 3,00 | - | - | - | 2,80 |
| 35 | Р-526-Степанци | 0,80 | 3,00 | 2,00 | - | 0,80 | - | - |
| 36 | Р-526-Јасеново | 0,800 | 5,00 | 4,00 | - | - | - | 0,800 |
| | Вкупно | **124,900** | | | **14,2** | **44,8** | **2,00** | **63,900** |

- **Утврдување на оперативни мерки за заштита и спасување од снег, намети од снег, и голомразица**

Со овој план се уредуваат работите за чистење на јавните патишта на подрачјето на Општина Чашка за 2016 година, како и комуналните објекти, тротоарите и делниците од регионалните патишта кои минуваат низ населените места и се изградени како улици.

Јавни патишта на подрачјето на Општина Чашка се регионалните, локалните патишта и улиците.

**1. Работи на зимско оддржување на јавните патишта се:**

- Чистење на снег и мраз од коловозот, комуналните објекти, тротоарите и делниците од регионалните патишта кои поминуваат низ населените места и се изградени како улици;

- Посипување на коловозот со сол или аброзивни средства во осојничавите места, мостовите и делниците со поголеми наклони на патот, како и на други места во случај на појава на мраз на коловозот.

Работите на расчистување на јавните патишта и улици се изведуваат на начин кој обезбедува постојана проодност.

Ако поради снег, голомразица или други причини сообраќајот на јавниот пат или улица е отежнат или безбедноста на сообраќајот е значително загрозена, надлежниот општински орган ќе превземе итни мерки за отстранување на пречките, а ако не е во состојба да ги отстрани пречките ќе го запре целиот сообраќај или само за одделни видови на возила по претходно прибавена согласност од Министерството за транспорт и врски, односно надлежниот орган во општината.

Во случај кога прекинот на сообраќајот трае подолго од два часа надлежниот орган на општината ќе ја извести јавноста преку средствата за информирање, или на друг можен начин.

Надлежниот орган на општината со сообраќајни знаци и на друг погоден начин известува, во сите случаи кога постојат околности кои можат да го загрозат безбедносното одвивање на сообраќајот.

Во случај на прекин на сообраќајот на јавен пат поради вонредни состојби-природни непогоди (снежни намети, одрони од поголем оабем или други причини) надлежниот орган на општината ќе постапи врз основа на план за заштита и спасување за одстранување на последиците од вонредни состојби-природни непогоди што го донесува советот на општината.

**2. Во зимското оддржување на локалните патишта и улици ќе учествуваат надлежните општински органи со следните обврски:**

***а) Совет на Општина Чашка***

- Донесува Програма за зимско оддржување на локалните патишта на територијата на Општина Чашка,

- Донесува План за остранување на последиците од вонредни состојби-природни непогоди.

***б) Градоначалник на Општина Чашка***

- Го следи остварувањето на акциите за чистење на локалните патишта, улиците и други инфраструктурни објекти во случај на настанување на природни непогоди или епидемии, епизоотии, епифитоти и други несреќи на подрачјето на единицата на локалната самоуправа;

- Има назначано лице за заштита и спасување;

- Одлучува за ангажираање на силите за заштита и спасување кои локалната самоуправа ги формирала;

- Во услови кога со силите за заштита и спасување кои локалната самоуправа ги формирала, не може да се отстранат последиците од природните непогоди, епидемии, епизоти, епифитотии и други несреќи, бара ангажирање на републичките сили за заштита и спасување;

***в) Одделение за урбанизам, комунални дејности, сообраќај и заштита на животната средина:***

- Го организира чистењето на снег и мраз од коловозот на локалните патишта и улици, делниците од регионалните патишта кои поминуваат низ населените места како изградени улици, комуналните објекти и тротоарите, како и посипување на коловозот со сол или абразивни средства,

- Повремено, делумно или во целост го запира сообраќајот и утврдува по кој друг пат и под кои услови ќе се одвива сообраќајот кога работите не можат да се изведат под сообраќај,

- Во рок од 48 часа пред запирањето на сообраќајот ги известува корисниците на локалниот пат и улица преку средствата за јавно информирање или на друг можен начин,

- Презема итни мерки за отстранување на пречките при отежнато одвивање на сообраќајот или значителна загрозеност на безбедноста на сообраќајот или за запирање на сообраќајот на одредени делници или во целина по предходно прибавување на согласност од надлежниот државен или општински орган,

- Ја известува јавноста преку средствата за јавно информирање или на друг можен начин за прекин подолг од два часа,

- Постапува согласно План за заштита и спасување од вонредни состојби-природни непогоди, во случај на пречки на сообраќајот поради вонредни состојби-природни непогоди.

***г) Одделение за инспекциски надзор-Инспекторат преку Комуналниот инспектор:***

- Врши надзор и контрола на чистењето на јавно-прометните површини во зимскиот период.

*д) Инспектор за сообраќај и патишта:*

- Врши надзор и контрола над целокупната состојба на локалните патишта и улици,

*ѓ)Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата:*

- Масовна едукација за мерките и активностите за унапредување на сообраќајната превентива и безбедноста во патниот сообраќај.

*е) Општински штаб за заштита и спасување:*

- Зема активно учество во изготвувањето на Програмата, следење на нејзиното спроведување и на севкупната состојба во зимскиот период заради благовремено превземање на превентивни мерки за заштита и спасување, како и конкретни активности за соодветната дообука на екипите (лицата) од населените места кои ќе вршат посипување на сол и чистење.

**3. Во чистењето на локалните патишта и улиците ќе учествуваат и други органи, институции, и претпријатија со следните задачи:**

*а) Републички сообраќаен инспектор:*

- Надзор и контрола над мерките и активностите за безбедноста на сообраќајот на патиштата.

*б) Центар за управување со кризи:*

- Се вклучува во извршувањето на програмата во делот на информативниот систем за зимско оддржување со помош на својата развиена радиостанична мрежа на подрачјето на општината.

*в) Сообраќајна полиција:*

- Покрај извршување на работите од својата надлежност, таа е еден од првите извори на информации од теренот за состојбата на патиштата.

*г) Јавното претпријатие за оддржување на патиштата Македонија пат-Скопје Подружница Велес:*

- Ја извршува Програмата во целост во делот на улиците кои се определени како дел од регионален пат.

- Јавното *претпријатие за оддржување на патиштата Македонија пат* согласно Програмата за зимско оддржување на магистралните и регионалните патишта има обврска-прв приоритет да извршува зимско оддржување на автопатот и магистралните патишта, втор приоритет се дел од регионалните патишта, а како трет и четврт приоритет се регионлните патишта кои водат по населените места на Општина Чашка и тоа:

**Трет приоритет:**

1. Р- 526-Велес-Извор-Јасеново-37,7км,
2. Р-515 Долги рид-Чашка-Лисиче-Дреново,
3. Р-514 Стари Град-Богомила,

**Четврт приоритет:**

4. Р- 526 Јасеново-Степанци,
5. К1-514 Ореше-Манастир Св Ѓорѓија.

**Улици кои се дел од регионалните патишта:**

1. Улица Илинденска во населба Чашка 0,530km.
2. Улицата низ населеното место Лисиче 0,480km.
3. Улицата низ населеното место Извор 0,550km.
4. Улицата низ населеното место Теово 0,380km.
5. Улицата низ населеното место Согле 0,320km.
6. Улицата до населеното место Богомила 1,120km.

***е)** Фирмата **„К-КОМЕРЦ КАМЕ" ДООЕЛ Извор** со својата механизација ќе биде ангажирана за чистење на следните локални патишта и улици согласно со Програмата за чистење на локалните патишта и улици:*

| | |
|---|---|
| - Р-514 - Ореше | 3,0 км. |
| - Улици низ населено место | 0,5 км. |
| - Р-514 - Папрадиште | 3,2 км. |
| - Улици низ населено место | 0,5 км. |
| - Р-514 - Бистрица | 3,0 км. |
| - Улици низ населено место | 1 км. |
| - Р-514 - Нежилово | 4,3 км. |
| - Улици низ населено место | 0,5 км. |
| - Р-514 - Црешнево | 3,3 км. |
| - Улици низ населено место | 0,5 км. |

***ж) „БЛАТОН„ ДООЕЛ - Велес** со својата механизација ќе биде ангажирана за чистење на следните локални патишта и улици согласно со Програмата за чистење на локалните патишта и улици:*

| | |
|---|---|
| - Р-514 - Мартолци | 1,5 км. |
| - Улици низ населено место | 1 км. |
| - Р-513 - Оморани | 1,2 км. |
| - Улици низ населено место | 0,5 км |
| - Р-514 - Населба Оморани | 0,7 км. |
| - Улици низ населено место | 0,5 км |
| - Р-526 - Мокрени | 9 км |
| - Улици низ населено место | 0,5 км |
| - Р-526 - с.Габровник | 5,6 км. |
| - Улици низ населено место | 0,5 км |
| - Р-526 - с.Ораовдол | 1,9 км. |
| - Улици низ населено место | 0,5 км |
| - Р-526 - с.Плевење | 3,8 км. |

***ѕ)** Фирмата **„К-КОМЕРЦ КАМЕ" ДООЕЛ Извор** со својата механизација ќе биде ангажирана за чистење на следните локални патишта и улици согласно со Програмата за чистење на локалните патишта и улици:*

| | |
|---|---|
| - Р-526 - с. Долно Брановци | 3 км. |
| - Р-526 - с. Стари Град | 2,8 км. |
| - Улици низ населено место | 0,5 км. |
| - Р-526 - с. Степанци | 0,8 км |
| - Р-526 - с. Смиловци | 2,5 км. |
| - Р-526 - с. Владиловци | 2,5 км |
| - Улици низ населено место | 0,5 км |
| - Р-526 - с. Јасеново | 0,8 км |
| - Р-526 - с. Поменово | 1,5 км |
| - Р-526 - с. Крнино | 4,2 км |
| - с. Владиловци-Попадија | 2,2 км |
| - Р-526 - с. Ново Село | 3,2 км |
| - Извор - улици | 3 км |

*л) Фирмата **„РИБНИК НЕЖИЛОВО„ ДООЕЛ Нежилово** со својата механизација ќе биде ангажирана за чистење на следните локални патишта и улици согласно со Програмата за чистење на локалните патишта и улици:*

| | |
|---|---|
| - Р-515 – Горно Врановци | 4,9 км |
| - Улици низ населено место | 1 км |
| - Р-515 – Мелница | 4,4 км |
| - Улици низ населено место | 2 км |
| - Р-515 – Голозинци | 0,5 км |
| - Улици низ населено место | 0,5 км |
| - Р-515 – Еловец | 0,6 км |
| - Улици низ населено место | 0,5 км |
| - Р-515 – с. Отиштино | 3 км |
| - Улици низ населено место | 0,5 км |
| - с. Отиштино – с. Бањица | 4 км |
| - Улици низ населено место | 0,5 км |
| - Населба Чашка - улици | 4 км |

*Фирмата **„РИБНИК НЕЖИЛОВО„ ДООЕЛ Нежилово** со својата механизација ќе биде ангажирана за чистење на следните локални патишта и улици согласно со Програмата за чистење на локалните патишта и улици:*

| | |
|---|---|
| - Р-526 – Бусилци | 1,2 км |
| - Улици низ населено место | 0,5 км |
| - Р-515 – Крива Круша | 9 км |
| - Улици низ населено место | 0,5 км |
| - Р-515 – с. Чашка | 1,6 км |
| - Улици низ населено место | 0,5 |
| - Р-515 – Раковец | 2 км |
| - Улици низ населено место | 0,5 км |

*Фирмата **„МИНТ ИНЖИНЕРИНГ„ ДООЕЛ Скопје** со својата механизација ќе биде ангажирана за чистење на следните локални патишта и улици согласно со Програмата за чистење на локалните патишта и улици:*

| | |
|---|---|
| - Р-526 – с. Војница | 7,1 км |
| - Улици низ населено место | 0,5 км |
| - с. Војница - с. Крајници | 5 км |
| - Улици низ населено место | 0,5 км |

*Фирмата **„МИНТ ИНЖИНЕРИНГ„ ДООЕЛ Скопје** со својата механизација ќе биде ангажирана за чистење на следните локални патишта и улици согласно со Програмата за чистење на локалните патишта и улици:*

| | |
|---|---|
| - Р-515 – с. Дреново – Долно Јаболчиште | 6 км |
| - Улици низ населено место | 0,5 км |
| - с. Долно Јаболчиште - Горно Јаболчиште | 3 км |
| - Улици низ населено место | 1 км |
| - Горно Јаболчиште - улици | 2 км |

Избраните фирми имаат потпишано договор за одрржување на локалните патишта заклучно до 11.02. 2016 година. За после тој рок ќе биде распишан нов оглас од страна на општината.

**4. Во зимското одржување на локалните патишта, улици и други комунални објекти ќе се вклучат и:**

**а) АД ЕСМ-ЕВН – Скопје Подружница Електродистрибуција Велес:**

- Ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електро инсталации, приодите и непосредната околина околу трафостаниците и другите уреди.

**б) АД Македонски телекомуникации – Регионален центар за комуникации Велес:**

- Ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните уреди на телефонските говорници.

**в) Превозниците во јавниот превоз:**

- Преземат потребни мерки за отстранување на снегот и мразот од автобуските стојалишта и нивното оспособување за нивно користење.

**г) Граѓаните :**

- Го чистат снегот и големразицата од тротоарите, патеките и приодите пред своите индивидуални куќи, а исто така и од покривите и тарасите водејќи сметка за безбедноста на минувачите и исчистениот собран снег да не биде пречка за пешачите и нормалното одвивање на сообраќајот.

**д) Сопствениците и корисниците на деловни објекти и дуќани:**

- Го чистат снегот и голомразицата од тротоарите, патеките и приодите пред своите деловни објекти и дуќани, пи тоа водејќи сметка за безбедноста на минувачите и исчистениот собран снег да не биде пречка за пешачите и нормалното одвивање на сообраќајот.

**ѓ) Други учесници:**

- Универзална единица за заштита и спасување, месните заедници, ученици и студенти, како и сите други, во услови на прогласена вонредна состојба дејствуваат според Посебниот план за отстранување на последиците од природни непогоди.

**е) Месните заедници во општината:**

- Се должни да преземаат одговорност во смисла: да ги известат надлежниот орган и граѓаните за настанатата состојба, потребата и начинот на

отстранување на снежните наноси при тоа да ги активират граѓаните од таа месна заеддницаза да можат во договор со Општина Чашка – одделение за урбанизам, комунални дејности, сообраќај и заштита на животната средина да превземат конкретни работни задолженија и обврски за чистење на снег од патната мрежа, заради што по одделни месни заедници може да подигнат, складират, чуват и наменски да користат индустриска сол, со можност од задолжително учество со сопствена механизација и екипи во чистењето и посипувањето сол.

**ж)** Сите учесници во извршувањето на доверените работи од зимското одржување на јавната патна мрежа се должни до надлежниот општински орган да достават оперативна Програма за својата подготвеност и опременост со механизација и извршители.

- **Употреба на планот**

Со Оперативниот план за заштита од снег, наноси од снег и голомразици, ќе раководи Општинскиот штаб за заштита и спасување на Општина Чашка, врз основа на одлуката што ја донесува Советот на Општина Чашка.

Бр. 08 – 1864/13
25.12.2015 година
Чашка

СОВЕТ НА
ОПШТИНА ЧАШКА
Председател
Рамадан Амзов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од законот за локална самоуправа (”Службен весник на РМ” бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Чашка донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за утврдување на услови за начинот на градење во с. Долно Јаболчиште – Општина Чашка за кое нема урбанистички план**

Се објавува, Одлука за утврдување на услови за начинот на градење во с. Долно Јаболчиште – Општина Чашка за кое нема урбанистички план, што Советот на Општина Чашка ја усвои на седницата на 25.12.2015.

Бр. 09- 1958/4
31.12.2015 година
Чашка

ОПШТИНА ЧАШКА
ГРАДОНАЧАЛНИК
м-р. Горанчо Пановски с.р

Врз основа на член 84, од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р. Македонија бр. 199/14 и 44/15), а во врска со член 22, точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р. Македонија бр.5/02), Советот на општина Чашка на седницата одржана на 25.12.2015 година, донесе :

**ОДЛУКА**
**за утврдување на услови за начинот на градење во село Долно Јаболчиште општина Чашка за кое нема урбанистички план**

**член 1**

Општиот акт за село Долно Јаболчиште се изготвува согласно Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Чашка за 2015 година, донесена од Советот на општината со бр.08-340/10 од 10.03.2015 година (Службен гласник на Општина Чашка бр.4).

**член 2**

Предлог - Одлуката е одобрена од Комисијата назначена со Решение бр.08-1550/1 од 20.09.2013 и Решение за изменување и дополнување на решението, бр.08-963/1 од 08.07.2014, од Градоначалникот на општина Чашка и за истата е добиена Согласност од Министерство за транспорт и врски со број 25-15949/2 од 04.12.2015 година.

**член 3**

Предлог – Одлуката за Општ акт за село Долно Јаболчиште е изготвена од правно лице УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ од Велес кое поседува лиценца согласно член 16 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на РМ, бр. 199/14 и 44/15).

**член 4**

Општиот акт за село содржи, текстуален дел - Предлог Одлука, нумерички дел – табеларен приказ на планираните содржини издвоени по површина и намена на земјиштето и графички прилози:

**ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО
2. ГРАНИЦА НА ОПФАТОТ НА ОПШТИОТ АКТ – СЕЛОТО
   -Координати на граница на опфат

3. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПФАТОТ
4. ОПИС НА НАМЕНИ СПОРЕД ДЕФИНИРАНИ НАМЕНСКИ ЗОНИ
5. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ
6. НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ВОДОВИ И ГРАДБИ
7. ХИДРОЛОШКИ УСЛОВИ ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГРАДБИТЕ
8. ПРОСТОРНА ОРГАНИЗАЦИЈА И УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ ВО СЕЛСКО-СТОПАНСКИ ДВОР
9. -БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ
10. ОПИС НА ОСНОВНИТЕ ВЛЕЗНИ И ИЗЛЕЗНИ ПОСТОЈНИ ПРАВЦИ ВО СЕЛОТО И НЕГОВАТА
11. СООБРАЌАЈНА ПОВРЗАНОСТ СО ПОШИРОКОТО ОПКРУЖУВАЊЕ
12. СООБРАЌАЈНИ УСЛОВИ ЗА ПРИСТАП ДО ГРАДБИТЕ И НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА
13. СТАЦИОНАРНИОТ СООБРАЌАЈ

**ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

ПОШИРОКО ОПКРУЖУВАЊЕ НА СЕЛОТО........................М=1:10000
ДИГИТАЛИЗИРАНИ КАТАСТАРСКИ ПОДЛОГИ ИЛИ АРХИВСКИ ОРИГИНАЛИ НА КАТАСТАРСКИ ПЛАНОВИ..................................М=1:2500
ГРАНИЦА НА ОПФАТ НА СЕЛОТО, НАМЕНСКИ ЗОНИ И СООБРАЌАЈНА ПОВРЗАНОСТ СО ПОШИРОКОТО ОПКРУЖУВАЊЕ...............М=1:2500

**член 5**

Графичкиот прилог од Општиот акт е изработен на заверени дигитализирани катастарски планови или дигитализирани архивски оригинали на катастарски планови.

**член 6**

Со Одлуката за Општ акт за село Долно Јаболчиште се утврдува граница на плански опфат на село Долно Јаболчиште со вкупна површина од 25,64 ха. Границата на селото графички и текстуално е опишана со дефинирани координати на сите прекршни точки.

Бидејќи селото досега не е опфатено со претходна урбанистичка планска документација, границата на опфатот на Општиот акт е утврдена во согласност со изградениот градежен фонд чија инвентаризација е спроведена на лице место , по што утврдената граница на опфатот е точно дефинирана со Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за утврдување на фактичка состојба за изграденост на земјиштето со кој се дефинира границата на опфат на Општиот акт КО ДОЛНО ЈАБОЛЧИШТЕ изработен од Друштво за геодетски работи ГЕОМЕТАР ПРО ИНГ ДОО Свети Николе со деловоден број 01-61/5 од 06.07.2015 година и заверен од Агенцијата за катастар на недвижности под бр. 1110-42/2015 од 06.07.2015 година.

Планскиот опфат лежи на територијата која како крајни точки ги има следните координати:

| | |
|---|---|
| 1. | X=543029.3170 Y=620497.7800 . |
| 2. | X=543033.9530 Y=620488.4570 . |
| 3. | X=543035.2710 Y=620486.8890 . |
| 4. | X=543041.3840 Y=620484.7120 . |
| 5. | X=543047.0250 Y=620480.5670 . |
| 6. | X=543054.9100 Y=620492.1830 . |
| 7. | X=543055.4740 Y=620500.5390 . |
| 8. | X=543066.9360 Y=620532.7150 . |
| 9. | X=543069.6560 Y=620539.3230 . |
| 10. | X=543071.7930 Y=620544.2550 . |
| 11. | X=543073.9300 Y=620549.1870 . |
| 12. | X=543073.7460 Y=620554.8110 . |
| 13. | X=543078.9840 Y=620565.5130 . |
| 14. | X=543078.6620 Y=620572.3740 . |
| 15. | X=543071.2400 Y=620604.1750 . |
| 16. | X=543069.1750 Y=620619.4950 . |
| 17. | X=543063.4440 Y=620654.0910 . |
| 18. | X=543063.0260 Y=620664.7730 . |
| 19. | X=543063.4230 Y=620672.4610 . |
| 20. | X=543063.5960 Y=620673.9860 . |
| 21. | X=543059.6020 Y=620674.8870 . |
| 22. | X=543052.8840 Y=620683.6310 . |
| 23. | X=543051.6640 Y=620692.0590 . |
| 24. | X=543051.8930 Y=620702.9350 . |
| 25. | X=543052.9560 Y=620708.7880 . |
| 26. | X=543057.3210 Y=620706.2270 . |
| 27. | X=543064.2670 Y=620716.9460 . |
| 28. | X=543068.0820 Y=620726.1760 . |
| 29. | X=543071.2930 Y=620713.6690 . |
| 30. | X=543073.5890 Y=620704.8510 . |
| 31. | X=543075.8850 Y=620696.0330 . |
| 32. | X=543077.8600 Y=620690.1290 . |
| 33. | X=543081.0370 Y=620686.1920 . |
| 34. | X=543088.5290 Y=620682.2320 . |
| 35. | X=543095.3700 Y=620677.3670 . |
| 36. | X=543101.9570 Y=620673.9620 . |
| 37. | X=543108.5440 Y=620670.5570 . |
| 38. | X=543121.4220 Y=620664.7520 . |
| 39. | X=543127.9280 Y=620653.0220 . |
| 40. | X=543138.6050 Y=620645.9370 . |
| 41. | X=543143.7410 Y=620643.4150 . |
| 42. | X=543147.0260 Y=620637.4370 . |
| 43. | X=543190.3030 Y=620644.9795 . |
| 44. | X=543233.5800 Y=620652.5220 . |
| 45. | X=543278.2665 Y=620664.1155 . |
| 46. | X=543322.9530 Y=620675.7090 . |
| 47. | X=543330.2490 Y=620626.9685 . |
| 48. | X=543344.7930 Y=620532.1485 . |
| 49. | X=543352.0410 Y=620486.0690 . |
| 50. | X=543360.2890 Y=620482.1310 . |

| | |
|---|---|
| 51. | X=543365.3630 Y=620482.6500 . |
| 52. | X=543377.6890 Y=620481.2160 . |
| 53. | X=543384.2760 Y=620477.9220 . |
| 54. | X=543386.1770 Y=620470.7150 . |
| 55. | X=543398.9670 Y=620462.0040 . |
| 56. | X=543402.7730 Y=620462.8540 . |
| 57. | X=543406.9050 Y=620463.5030 . |
| 58. | X=543416.3890 Y=620461.4890 . |
| 59. | X=543434.5930 Y=620458.5700 . |
| 60. | X=543441.4980 Y=620457.7540 . |
| 61. | X=543441.0570 Y=620454.2830 . |
| 62. | X=543447.5450 Y=620455.1500 . |
| 63. | X=543460.1630 Y=620450.3330 . |
| 64. | X=543465.5530 Y=620450.3570 . |
| 65. | X=543476.7980 Y=620448.8630 . |
| 66. | X=543495.9990 Y=620444.0110 . |
| 67. | X=543504.7230 Y=620442.6220 . |
| 68. | X=543510.7709 Y=620440.1626 . |
| 69. | X=543511.1610 Y=620440.0040 . |
| 70. | X=543519.9840 Y=620434.5490 . |
| 71. | X=543526.2280 Y=620429.3960 . |
| 72. | X=543533.6400 Y=620421.6350 . |
| 73. | X=543536.0290 Y=620411.9310 . |
| 74. | X=543534.4540 Y=620403.8860 . |
| 75. | X=543535.6200 Y=620399.9490 . |
| 76. | X=543539.5820 Y=620397.4390 . |
| 77. | X=543538.6590 Y=620400.3600 . |
| 78. | X=543541.9530 Y=620404.6340 . |
| 79. | X=543545.0980 Y=620406.9900 . |
| 80. | X=543549.5300 Y=620409.5610 . |
| 81. | X=543550.2000 Y=620420.0600 . |
| 82. | X=543550.4120 Y=620434.1710 . |
| 83. | X=543546.9210 Y=620445.6930 . |
| 84. | X=543548.8660 Y=620453.3260 . |
| 85. | X=543562.6030 Y=620444.1310 . |
| 86. | X=543565.7000 Y=620439.6100 . |
| 87. | X=543575.3500 Y=620435.4710 . |
| 88. | X=543581.3150 Y=620433.1515 . |
| 89. | X=543587.2800 Y=620430.8320 . |
| 90. | X=543593.1919 Y=620428.6693 . |
| 91. | X=543608.7310 Y=620423.9900 . |
| 92. | X=543616.7240 Y=620422.8100 . |
| 93. | X=543640.2460 Y=620425.2240 . |
| 94. | X=543649.9280 Y=620427.1130 . |
| 95. | X=543659.6100 Y=620429.0020 . |
| 96. | X=543673.2640 Y=620431.5150 . |
| 97. | X=543676.4770 Y=620417.2330 . |
| 98. | X=543681.1530 Y=620399.6835 . |
| 99. | X=543685.8290 Y=620382.1340 . |
| 100. | X=543688.3010 Y=620368.2180 . |
| 101. | X=543666.7920 Y=620368.2500 . |
| 102. | X=543622.1920 Y=620372.5110 . |
| 103. | X=543612.5790 Y=620369.5600 . |
| 104. | X=543603.9280 Y=620367.4660 . |
| 105. | X=543595.2770 Y=620365.3720 . |
| 106. | X=543592.9800 Y=620357.7800 . |
| 107. | X=543603.9050 Y=620352.3550 . |

| | |
|---|---|
| 108. | X=543589.9520 Y=620352.4960 . |
| 109. | X=543585.5200 Y=620355.3430 . |
| 110. | X=543579.8490 Y=620357.1360 . |
| 111. | X=543575.3010 Y=620358.0180 . |
| 112. | X=543569.0580 Y=620364.4800 . |
| 113. | X=543574.2060 Y=620355.0970 . |
| 114. | X=543580.8050 Y=620345.8290 . |
| 115. | X=543590.2500 Y=620339.0870 . |
| 116. | X=543598.4690 Y=620329.3370 . |
| 117. | X=543599.1580 Y=620309.0920 . |
| 118. | X=543596.8710 Y=620298.4160 . |
| 119. | X=543594.9980 Y=620280.2070 . |
| 120. | X=543599.2650 Y=620275.6200 . |
| 121. | X=543602.4190 Y=620269.3630 . |
| 122. | X=543605.7900 Y=620260.3410 . |
| 123. | X=543609.2920 Y=620249.4750 . |
| 124. | X=543610.7890 Y=620241.4040 . |
| 125. | X=543606.5860 Y=620230.9060 . |
| 126. | X=543607.1900 Y=620222.4420 . |
| 127. | X=543594.2660 Y=620236.5590 . |
| 128. | X=543583.9200 Y=620244.9200 . |
| 129. | X=543572.9080 Y=620251.6820 . |
| 130. | X=543564.9940 Y=620254.8300 . |
| 131. | X=543555.6060 Y=620261.0510 . |
| 132. | X=543550.8350 Y=620265.3200 . |
| 133. | X=543545.2900 Y=620269.3210 . |
| 134. | X=543537.9270 Y=620271.3130 . |
| 135. | X=543524.0560 Y=620272.4680 . |
| 136. | X=543511.6350 Y=620276.8570 . |
| 137. | X=543501.4970 Y=620281.8240 . |
| 138. | X=543493.4970 Y=620285.7110 . |
| 139. | X=543488.4390 Y=620289.9050 . |
| 140. | X=543483.0220 Y=620295.0420 . |
| 141. | X=543480.2410 Y=620296.3190 . |
| 142. | X=543473.1220 Y=620298.0260 . |
| 143. | X=543462.0590 Y=620297.7620 . |
| 144. | X=543460.4530 Y=620293.4510 . |
| 145. | X=543455.5820 Y=620287.0370 . |
| 146. | X=543445.3940 Y=620287.9750 . |
| 147. | X=543442.0960 Y=620286.5320 . |
| 148. | X=543435.4880 Y=620290.3290 . |
| 149. | X=543437.8430 Y=620299.3970 . |
| 150. | X=543430.0870 Y=620295.8370 . |
| 151. | X=543425.2150 Y=620293.8195 . |
| 152. | X=543420.3430 Y=620291.8020 . |
| 153. | X=543409.7170 Y=620284.7270 . |
| 154. | X=543404.6240 Y=620280.2090 . |
| 155. | X=543403.1060 Y=620277.6740 . |
| 156. | X=543403.7570 Y=620273.1610 . |
| 157. | X=543404.4389 Y=620267.0388 . |
| 158. | X=543405.0960 Y=620261.1390 . |
| 159. | X=543404.4400 Y=620251.4230 . |
| 160. | X=543402.2600 Y=620245.5150 . |
| 161. | X=543396.4380 Y=620235.3140 . |
| 162. | X=543395.1160 Y=620231.1160 . |
| 163. | X=543395.3360 Y=620224.4690 . |
| 164. | X=543395.9120 Y=620220.1470 . |

| | |
|---|---|
| 165. | X=543395.9330 Y=620215.5250 . |
| 166. | X=543394.3330 Y=620210.9640 . |
| 167. | X=543391.5040 Y=620205.5690 . |
| 168. | X=543385.5640 Y=620191.5630 . |
| 169. | X=543384.5760 Y=620176.1420 . |
| 170. | X=543385.3710 Y=620171.9810 . |
| 171. | X=543390.1710 Y=620164.3980 . |
| 172. | X=543395.2110 Y=620156.9450 . |
| 173. | X=543397.7610 Y=620152.1300 . |
| 174. | X=543398.2960 Y=620148.5310 . |
| 175. | X=543394.6760 Y=620149.9830 . |
| 176. | X=543382.9500 Y=620153.4720 . |
| 177. | X=543369.4210 Y=620161.1730 . |
| 178. | X=543362.0740 Y=620167.3100 . |
| 179. | X=543357.9230 Y=620171.3640 . |
| 180. | X=543351.0420 Y=620176.0920 . |
| 181. | X=543345.0470 Y=620179.5120 . |
| 182. | X=543342.7910 Y=620183.3010 . |
| 183. | X=543338.7290 Y=620184.5510 . |
| 184. | X=543338.0870 Y=620177.3490 . |
| 185. | X=543331.5830 Y=620168.9280 . |
| 186. | X=543321.9520 Y=620145.6650 . |
| 187. | X=543316.0500 Y=620135.4850 . |
